

На дваесетина дена пред последниот род за поднесување документи за легализација на бесправно изградени објекти, на иницијатив на градоначалникот на општината Тони Ангелевски, месните заедници Демир Хисар и Мургашево во петокот, на 12 – ти август одржаа собир на граѓани. На почетокот, присутните со внимание го проследија излагањето на градоначалникот кој попрецизно ги дообјасни спроведувањето и продобиките од имплементирањето на овој закон.

Како стручњак од областа на геодезијата, детално зборуваше за некои специфики од урбанистичкото планирање и уредување на Демир Хисар и поедноставно се започне постапката за легализација. Излагањето на градоначалникот побуди голем интерес кај присутните кои поставија голем број прашања. На сите прашања градоначалникот им даде усмен и стручен одговор, односно како да постапат во секој одделен случај. На крајот тој ги потсети на крајниот рок 3 – ти септември и ги повика да ги искористат деновиве што следуваат, да поднесат барање и да приложат минимум документација за отпочнување на постапка за легализација.

Претставниците на месните заедници ги запознаа присутните со заклучоци донесени на заеднички состанок со Црковниот одбор, а директорот на ЈП „Комуналец“ Пеце Наловски ги информира за одлуката на советот на општината со која што „Комуналец“ го презеде управувањето со градските гробишта.




08/09/2011